# Службен гласник
## на Општина Струмица


| Број 13 | Четврток , 20 септември 2007 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


### С о д р ж и н а

**Совет на општина Струмица:**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 106. | Одлука за одобрување на парични средства на СОУ “Јане Сандански” Струмица ………………………………… | 2 |
| 107. | Заклучок за утврдување на Нацрт - Деталниот урбанистички план на дел од Блок број 5 во Струмица …………….. | 2 |
| 108. | Заклучок за неутврдување на Нацрт – Деталниот урбанистички план за блок број 33-1 на град Струмица ……………… | 3 |


**Градоначалник на општина Струмица:**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 109. | Решение за организирање на јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од блок број 5 во град Струмица ……………………. | 3 |
| 110. | Решение за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од блок број 5 во град Струмица ……………………….. | 4 |
| 111. | Решение за именување на Комисија за спроведување на јавната презентација по Нацрт – Деталиот урбанистички план за дел од блок број 5 во град Струмица . | 4 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлуката за одобрување**
**на парични средства на СОУ "Јане Сандански" Струмица**

1.Се објавува Одлуката за одобрување на парични средста на СОУ "Јане Сандански" Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.09.2007 година.

Број 08-4227/2 — Градоначалник
20.09.2007 год. — на општина Струмица
С т р у м и ц а — Зоран Заев с.р.

………………………………..

## 106.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.09.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за одобрување на парични средства на СОУ "Јане Сандански" Струмица**

**Член 1**

Се одобруваат парични средства на СОУ "Јане Сандански" Струмица во висина од 1.300.000,00 денари.

Средствата да се исплатат од Буџетот на општина Струмица за 2007 година доколку Владата на Република Македонија или друго надлежно министерство не одобри средства за таа намена.

Одобрените средства СОУ "Јане Сандански" Струмица се обврзува да ги врати во рок од 1 година, без камата.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица", а ќе се применува со донесувањето на Ребилансот на Буџетот на општина Струмица за 2007 година.

Број 07-4227/1 — Совет на општина Струмица
19.09.2007 год. — П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а — Зоран Ристов с.р.

………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на Нацрт – Деталниот урбанистички план на дел од Блок број 5 во Струмица**

1.Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт – Деталниот урбанистички план на дел од Блок број 5 во Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.09.2007 година.

Број 08-4225/2 — Градоначалник
20.09.2007 год. — на општина Струмица
С т р у м и ц а — Зоран Заев с.р.

…………………..

## 107.

Врз основа на член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" број 51/05) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 19.09.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за утврдување на Нацрт - Деталниот урбанистички план на дел од Блок број 5 во Струмица**

1.Се утврдува Нацрт - Деталниот урбанистички план за дел од Блок број 5 во Струмица.

**2.Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од Блок број 5 во Струмица е со површина од 2,2 ха и граничен опфат на запад по осовината на крак на ул. “Климент Охридски”, на север оди по граница на планскиот опфат на град Струмица и северната граница на КП број 6399/5, на југ по осовината на ул. “број 3” (по Генералниот план на град Струмица) и на исток по осовина на “Индустриска улица” како дел од “Индустриска зона Север” изработен од Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и друго “Урбан” ДОО Штип и содржи:**

**- текстуален дел**

**- графички приказ.**

**3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.**

**Број 07-4225/1 Совет на општина Струмица**
**19.09.2007 год. П р е т с е д а т е л,**
**С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.**

**…………………………**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе**

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Заклучокот за неутврдување на Нацрт – Деталниот урбанистички план за Блок број 33-1на град Струмица**

**1.Се објавува Заклучокот за неутврдување на Нацрт – Деталниот урбанистички план за Блок број 33-1 на град Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 19.09.2007 година.**

**Број 08-4226/2 Градоначалник**
**20.09.2007 год. на општина Струмица**
**С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.**

**…………………**

**108.**

**Врз основа на член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницат одржана на 19.09.2007 година, донесе**

**З а к л у ч о к**
**за неутврдување на Нацрт – Деталниот урбанистички план за блок број 33-1 на град Струмица**

**1.Не се утврдува Нацрт – Деталиот урбанистички план за блок број 33-1 на град Струмица.**

**2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.**

**Број 07-4226/1 Совет на општина Струмица**
**19.09.2007 год. П р е т с е д а т е л,**
**С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.**

**………………..**

**109.**

**Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе**

**Р е ш е н и е**
**за организирање на јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од блок број 5 во град Струмица**

**1.Се организира јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од блок број 5 во град Струмица со површина од 2,2 ха и граничен опфат на запад по осовината на крак на ул. “ Климент Охридски” на север оди по границата на планскиот опфат на град Струмица и северната граница на КП број 6399/5, на југ по осовината на ул. “Број 3” (по Генералниот план на град Струмица) и на исток по осовина на “Индустриска улица” како дел на “Индустриска зона Север”.**

**2.Решението за организирање јавната анкета ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица”, средствата за јавно информирање и еден од дневните весници.**

**3.Јавната анкета ќе трае 15 дена од објавувањето на Решението.**

**4.Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од блок број 5 на град Струмица ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР ул. “Ленинова” во соба број 3.**

**5.Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.**

**6.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.**

**Број. 08-4233/2 Градоначалник**
**20.09.2007 год. на општина Струмица**
**С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.**

**……………….**

## 110.

**Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05 и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе**

**Р е ш е н и е**
**за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од блок број 5 во град Струмица**

**1.Се организира јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од блок број 5 во град Струмица со површина од 2,2 ха и граничен опфат на запад по осовината на крак на ул. “ Климент Охридски”, на север оди по границата на планскиот опфат на град Струмица и северната граница на КП број 6399/5, на југ по осовината на ул. “број 3” (по Генералниот план на град Струмица) и на исток по осовина на “Индустриска улица” како дел на “Индустриска зона Север”.**

**2.Решението за организирање јавната презентација ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица”, средствата за јавно информирање и еден од дневните весници.**

**3.Јавната презентација ќе се одржи на ден 05.10.2007 година во 11,оо часот во просториите на Дом на АРМ Струмица.**

**4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.**

**Број.08-4233/3 Градоначалник**
**20.09.2007 год. на општина Струмица**
**С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.**

**…………………………….**

## 111.

**Врз основа на член 24 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе**

**Р е ш е н и е**
**за именување на Комисија за спроведување на јавната презентација по Нацрт – Деталиот урбанистички план за дел од блок број 5 во град Струмица**

**1.За членови во Комисија за спроведување на јавната презентација по Нацрт – Деталиот урбанистички план за дел од блок број 5 во град Струмица ги именувам:**

**- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР;**
**- Илија Шалев – претставник на изготвувачот на Нацрт – планот;**
**- Александар Цицимов – дипломиран архитект надворешен член.**

**2.Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната презентација на ден 05.10.2007 година во 11,оо часот во просториите на Дом на АРМ – Струмица.**

**3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.**

**Број. 08- 4233/1 Градоначалник**

**20.09.2007 год. на општина Струмица**
**С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.**

---

---